З А П И С Н И К
од Двесте и осумнаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 6 октомври 2026 година

Скопје, октомври 2026 година

З А П И С Н И К
од Двесте и осумнаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 6 октомври 2026 година

Седницата започна во 12:25 часот.

На седницата претседаваше проф. д-р Христијан Мицкоски, претседател на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата присуствуваа д-р Беким Сали, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за европски прашања, Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт, Љупчо Димовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политички систем и членовите на Владата Панче Тошковски, министер за внатрешни работи, д-р Јетон Шасивари, министер за правда, Агон Ферати, министер за односи меѓу заедниците, м-р Бесар Дурмиши, министер за економија и труд, проф. д-р Весна Јаневска, министер за образование и наука, Ѓоко Велковски, министер за социјална политика, демографија и млади, Иван Стоилковиќ, министер за локална самоуправа, м-р Стефан Андоновски, министер за дигитална трансформација, Борко Ристовски, министер за спорт, Зулфиќар Зејнула, министер без ресор, задолжен за меѓународни партнерства и странски инвестиции и Ерџан Демир, министер без ресор, како и Игор Јанушев, генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија и м-р Хасим Муртезани, заменик на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата присуствуваше и д-р Оливера Нечовска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на Република Северна Македонија, на седницата присуствуваа и Адмир Шабани, заменик на министерот за одбрана, м-р Зоран Димитровски, заменик на министерот за надворешни работи и надворешна трговија, м-р Мирослав Лабудовиќ, заменик на министерот за енергетика, рударство и минерални суровини, Албрим Хоџа, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, м-р Јовица Андовски, заменик на министерот за здравство, д-р Лазе Јаќимоски, заменик на министерот за јавна администрација и Ане Лашкоска, заменик на министерот за животна средина и просторно планирање, како и д-р Андриана Матлиоска, државен секретар во Министерството за финансии.

На седницата присуствуваше и м-р Ивица Томовски, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, Влатко Гроздановв, градоначалник на Општина Кочани, Митко Костадиновски, градоначалник на Општина Виница, Јорданче Костадинов, градоначалник на Општина Чешиново-Облешево, м-р Димитар Димовски и Сашо Павловски, претставници од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и м-р Марија Митева и Венера Љатифи Азизи, портпароли на Владата на Република Северна Македонија.

Од седницата отсуствуваа членовите на Владата м-р Владо Мисајловски, министер за одбрана, д-р Тимчо Муцунски, министер за надворешни работи и надворешна трговија, м-р Гордана Димитриеска-Кочоска, министер за финансии, м-р Сања Божиновска, министер за енергетика, рударство и минерални суровини, д-р Борче Серафимовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, м-р Сашо Клековски, министер за здравство, м-р Седат Сулејмани, министер за култура и туризам, Горан Минчев, министер за јавна администрација и Муамет Хоџа, министер за животна средина и просторно планирање.

*

* *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

ДНЕВЕН РЕД

-Усвојување на записниците од 201-та (тематска) седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 31 јули, 15 и 16 септември 2026 година, 211-та и 217-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржани на 15 и 28 септември 2026 година

1. Информација во врска со Барањето на Хај тек инженеринг центар ДООЕЛ Скопје за отпишување, односно намалување на пресметаната казнена камата по основ на раскинат договор за доделување на државна помош

2. Информација за Предлог на договор за доделување на државна помош на Кромберг и Шуберт Македонија ДООЕЛ Битола, со прилози и текст на Договор

3. Информација за одобрување на Полугодишниот извештај за реализација на Годишниот план за работа на Агенцијата за иновации, научно-технолошки развој и претприемништво ИНОВА за 2026 година (јануари – јуни 2026 година), со текст на Полугодишен извештај и Предлог-одлука

4. Информација за одржување на Годишно собрание на акционери на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, за 2025 година, со Годишна сметка и Финансиски извештај за работењето на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, со Извештај од независниот ревизор за 2025 година, Годишен извештај за работата за 2025 година, Консолидирана годишна сметка и консолидирани финансиски извештаи за 2025 година, со дополнување и со предлог-одлуки

5. Полугодишен извештај за работата на Геолошкиот завод на Република Северна Македонија за 2026 година

6. Известување за активностите поврзани со кризната состојба заради зголемени ризици и опасности од пожари на отворен простор и шумски пожари на територијата на Република Северна Македонија од 22 септември 2026 година до 28 септември 2026 година

7. Известување за активностите поврзани со кризната состојба заради можност за настанување на пореметување на снабдување со нафта и нафтени деривати на територијата на Република Северна Македонија за период од 20 септември 2026 година до 26 септември 2026 година

8. Известување за преземените активности во врска со Одлука за изменување на Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија, за период од 17 септември 2026 година до 23 септември 2026 година

9. Известување за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на Установата за период од 17 септември 2026 година до 23 септември 2026 година

10. Предлог национална стратегија за заштита и користење на културното наследство за периодот 2027-2031, со Акциски план

11. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за земјоделство и рурален развој

12. Информација за добивање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Горан Николов, с.Тимјаник, Неготино, со Предлог-одлука

13. Информација за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Ибраими Аљеин, с.Черкези, Куманово, со Предлог - одлука

14. Информација во врска со Јавниот повик за доделување на концесија за експлоатација на техногени минерални суровини и Тендерската документација за доделување на концесија за експлоатација на техногени минерални суровини на локалитетот „Лојане“, Општина Липково, со прилози и со текст на Тендерска документација

15. Информација за потребата од престанок и давање на трајно користење на движна ствар на Јавната установа од областа на здравството за потребите на јавните здравствени установи универзитетски клиники, завод и ургентен центар Скопје, со Предлог – одлука

16. Информација за потребата од доставување податоци за реализирани, тековни и планирани проекти за реконструкција и подобрување на енергетската ефикасност на објектите кои ги користат институциите од јавниот сектор, со прилози

17. Информација за потребата од донесување на нов закон за возила

18. Предлог - програма за изменување на Програмата за водостопанство за 2026 година

19. Предлог - програма за мониторинг на површинските и подземните води за 2026 година

20. Предлог-програма за изменување на Програмата за развој на претприемништвото и конкурентноста на микро, малите и средните претпријатија за 2026 година

21. Предлог - одлука за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина – мермер на Друштвото за производство, трговија и услуги Бианко Сета Марми ДОО Скопје на локалитетот „Дупен Камен”, с.Беловодица, Општина Прилеп

22. Предлог - одлука за едностран раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – минерална-подземна вода на локалитетот „с.Крушеани“, Општина Кривогаштани

23. Предлог - решение за изменување на Решението за определување членови на Комисијата за утврдување на репрезентативноста

24. Предлог резолуција за миграциската политика на Република Северна Македонија 2026-2030 година со акциски план

25. Информација за правосилност на пресудата на Европскиот суд за човекови права во предметите АД Осигурителна полиса Скопје и други против Република Северна Македонија А. бр.62544/19 и 6430/20 и исплата по основ на истата во делот на постигнатите спогодби, со прилози

26. Информација за правосилност на пресудата на Европскиот суд за човекови права во предметите АД Осигурителна полиса Скопје и други против Република Северна Македонија А. бр.62544/19 и 6430/20 и нејзиното извршување, со прилози

27. Информација за правосилност на пресудата на Европскиот суд за човекови права во случајот Пуцко Петрол увоз-извоз ДООЕЛ, против Република Северна Македонија А.бр.6381/20 и извршувањето на соодветната група на пресуди на Европскиот суд за човекови права против државата, со прилози и со Предлог-одлука

28. Информација за правосилност на две пресуди на Европскиот суд за човекови права во предметите Геровска-Попчевска против Република Северна Македонија (бр. 2) А. бр. 30989/20 и Скрчески против Република Северна Македонија А. бр.37954/21

29. Информација за одлуки на Европскиот суд за човекови права и нивната правосилност во предметите против Република Северна Македонија: Јованов (А. бр. 22738/20 и 35558/20), Атанасовски (А. бр. 30078/21), Ивановски и други (А. бр. 13591/25 и уште 26 други апликации) и Таниќ (А. бр. 33847/24), со Предлог-одлука

30. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување

31. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување

32. Информација за спроведување повеќегодишна јавна набавка за рехабилитација на пет објекти за физичко образование во основните и средните училишта, како и услуги за вршење на стручно - технички надзор при рехабилитација на пет објекти за физичко образование во основните и средните училишта

33. Информација за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиската програма „Стоматологија“ од трет циклус на академски студии-докторски студии (180 ЕКТС), на Стоматолошки факултет, при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со Предлог – решение

34. Информација за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиската програма „Индустриско инженерство и менаџмент“ од трет циклус на академски студии-докторски студии (180 ЕКТС), на Технички факултет, при Универзитет „Св. Климент Охридски“ - Битола, со Предлог – решение

35. Информација за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиската програма „Фитомедицина“ од трет циклус на академски студии-докторски студии (180 ЕКТС), на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, со Предлог - решение

36. Информација за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиската програма „Агроекономика“ од трет циклус на академски студии-докторски студии (180 ЕКТС), на Факултет за земјоделски науки и храна при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со Предлог - решение

37. Информација за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиската програма „Анимална биотехнологија“ од трет циклус на академски студии-докторски студии (180 ЕКТС), на Факултет за земјоделски науки и храна, при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со Предлог – решение

38. Информација за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиската програма „Квалитет и безбедност на земјоделски производи“ од трет циклус на академски студии-докторски студии (180 ЕКТС), на Факултет за земјоделски науки и храна, при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со Предлог – решение

39. Информација за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиската програма „Ветеринарна медицина“ од трет циклус на академски студии-докторски студии (180 ЕКТС), на Факултетот за ветеринарна медицина, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со Предлог - решение

40. Информација за потребата од донесување на решение за почеток со работа на студиската програма „Менаџмент на природни ресурси и заштита на животна средина во земјоделство“ од трет циклус на академски студии-докторски студии (180 ЕКТС), на Факултетот за земјоделски науки и храна, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со Предлог – решение

41. Информација за одобрување на склучување Анекс на Договорот за реконструкција на спортската сала „Расадник“ во Општина Кисела Вода за изведување на работи кои поради непредвидени околности се нужни и договорниот орган не можел да ги предвиди

42. Информација за одобрување на склучување Анекс на Договорот за изградба на затворен пливачки базен во Општина Кавадарци за изведување на работи кои поради непредвидени околности се нужни и договорниот орган не можел да ги предвиди

43. Информација за адаптација на Европската рамка за вештини во областа на сајбер безбедноста (European Cybersecurity Skills Framework – ECSF) во националниот систем за развој на компетенции во областа на сајбер безбедноста

44. Годишен извештај за спроведување на Стратегијата за сајбер безбедност 2025–2028, со Акциски план (2025-2027) за спроведување на Стратегијата за сајбер безбедност 2025-2028, за 2025 година

45. Предлог - програма за изменување на Програмата за изградба и реконструкција на основни училишта за 2026 година

46. Предлог - програма за изменување на Програмата за изградба и реконструкција на средни училишта за 2026 година

47. Предлог - одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за одбрана (монтажен модуларен објект - амбуланта Бутел)

48. Предлог - одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Здружението Доброволно противпожарно друштво ДПД „Архангел” - Битола

49. Статут на Воената академија „Генерал Михаило Апостолски“ - Скопје (I фаза)

50. Решение на Уставниот суд на Република Северна Македонија, У.бр.92/2025 и У.бр.122/2025 од 15 јули 2026 година, за поведување постапка за оценување на уставноста на член 41-а став 7 во делот „и превозот” од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија” бр.44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 42/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.161/19, 76/20, 229/20, 269/23, 78/25, 132/25 и 250/25)

51. Понуда од нотар Татјана Трајковска од Куманово, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.904, за КО Пчиња-вон град, на КП бр.63, викано место/улица „Краста“

52. Понуда од нотар Емилија Георгиевска Аџиска од Берово, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.3636, за КО Владимирово, на КП бр.4157, викано место/улица „Подиње“

53. Понуда од нотар Ѓорѓи Николов од Гевгелија, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.7245, за КО Сретеново, на КП бр.1714, викано место/улица „Мрдаја“

54. Понуда од нотар Станка Горичан од Охрид, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.100678, на КП бр.4136, Имотен лист бр.100679, на КП бр.4137, Имотен лист бр.100680, на КП бр.4138, Имотен лист бр.100681, на КП бр.4139, Имотен лист бр.115630, на КП бр.4133/2, КП бр.4134 и КП бр.4135/2 и Имотен лист бр.114437, на КП бр.4135/1, за КО Охрид 4, викано место/улица „Патерица“

55. Понуда од нотар Цеца Малева Стоев од Гевгелија за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.984, за КО Коњско, на КП бр.258/1, викано место/улица „Горно Поле“

56. Понуда од нотар Луиза Каба Исаку од Струга, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.3437, за КО Мислешево - вонград, на КП бр.2251, викано место/улица „Матарник“

57. Понуда од нотар Снежана Видовска од Скопје, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.723, за КО Бардовци, на КП бр.620, викано место/улица „Визбеговска Јурија“

58. Понуда од нотар Сихана Зибери Шабани од Скопје, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.4280, за КО Илинден на КП бр.932 викано место/улица „Село“ и Имотен лист бр.11422, за КО Илинден, на КП бр.932 викано место/улица „Село“

59. Конечни извештаи за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2024 година на Државен студентски дом Томе Стефановски – Сениќ, Скопје [Сметка на основен буџет (603) и Сметка на буџет од самофинансирачки активности (787)]

60. Извештај за финансиското работење на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје, за период од 1 април 2026 година до 30 јуни 2026 година

61. Тримесечен финансиски извештај на Акционерското друштво Аеродроми на Република Северна Македонија, за втор квартал 2026 година, со дополнување

62. Информација за степенот на реализација на средствата за капитални дотации за инфраструктурни проекти од областа на образованието и науката за 2025 година, заклучно со 30 јуни 2026 година

63. Информација за финансиско поддржување на воведување сензорни соби во детските градинки во текот на 2027 година, со цел унапредување на инклузивното предучилишно образование

64. Годишен извештај за преземените активности и постигнатиот напредок во воспоставувањето еднакви можности на жените и мажите во Република Северна Македонија во 2025 година

65. Конечен извештај за извршена ревизија на информациски системи како ревизија на успешност на тема Имплементација на безбедносни мерки и контроли во ИТ системот на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија

66. Кадровски прашања

67. Прашања и предлози

68. Информација согласно Извадокот од Нацрт-записникот од Двесте и единаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 15 септември 2026 година, во врска со Информацијата за реализација на предусловите и ризикот од неспроведување на ИПА - проектот „Приклучување на Виница со ПСОВ Кочани со делумна рехабилитација и проширување на канализационите и атмосферските системи во Општина Виница“

69. Информација за добивање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Никола Весков, с. Криволак, со Предлог-одлука

70. Информација за продолжување на рокот на Работната група за регулирање на имотно-правен статус на 110kV трафостаници помеѓу Операторот на електропреносниот систем на Република Северна Македонија, Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост, Скопје (МЕПСО) и Акционерското друштво за услуги ЕВН Македонија, Скопје, со Предлог-решение

71. Предлог - одлука за доделување концесија за експлоатација за потребите за изградба на хидротехнички објект – брана Отиња на минерална суровина – песок и чакал на локалитетот ,,Акумулационен простор на насипната брана Отиња“, Општина Штип

72. Информација за доставување на апликација за обезбедување заем од Банката за развој при Советот на Европа (СЕВ) за финансирање на проектот „Основна дигитална инфраструктура на Република Северна Македонија“

73. Информација за доставување на апликација за обезбедување заем од Банката за развој на Советот на Европа – ЦЕБ за финансирање на развојот на инфраструктурата на високото образование на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

74. Информација за потребата од итно доделување на финансиски средства за развој и имплементација на мобилната апликација „Каде си/Where Are You“ како дел од Системот за прием на итни повици Е-112

75. Предлог - одлука за отворање Почесен конзулат на Република Северна Македонија во Република Аргентина, со седиште во Буенос Аирес

76. Предлог - решение за именување почесен конзул на Република Северна Македонија во Република Аргентина, со седиште во Буенос Аирес

77. Информација за подготовка на Дваесет и вториот состанок на Поткомитетот за трговија, индустрија, царина и оданочување меѓу Република Северна Македонија и Европската Унија во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација кој ќе се одржи на 30 октомври 2026 година, со прилози

78. Информација за подготовката на Дваесет и третиот состанок на Поткомитетот за економско-финансиски прашања и статистика, во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација помеѓу Европската Унија и Република Северна Македонија, кој ќе се одржи на 21 октомври 2026 година, со прилози

79. Информација за доизградба на затворениот пливачки базен во Општина Охрид

80. Информација за претстојната посета на Извршната дирекција на Комитетот за борба против тероризам на Обединети нации

81. Информација во врска со потребата од назначување на координатор за Националната стратегија за борба против организираниот криминал

*

* *

Владата без забелешки го усвои Записникот од Двесте и првата (тематска) седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 31 јули, 15 и 16 септември 2026 година, Записникот од Двесте и единаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 15 септември 2026 година и Записникот од Двесте и седумнаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 28 септември 2026 година.

*

* *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

Точка 1

Владата повторно ја разгледа Информацијата во врска со Барањето на Хај тек инженеринг центар ДООЕЛ Скопје за отпишување, односно намалување на пресметаната казнена камата по основ на раскинат договор за доделување на државна помош, ја усвои Информацијата и го задолжи Игор Јанушев, генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија во рок од седум дена да достави соодветно известување до Хај тек инженеринг центар ДООЕЛ Скопје.

Точка 2

Владата ја разгледа и ја усвои Информацијата за Предлог на договор за доделување на државна помош на Кромберг и Шуберт Македонија ДООЕЛ Битола, со прилози и текст на Договор.

Точка 3

Владата ја разгледа Информацијата за одобрување на Полугодишниот извештај за реализација на Годишниот план за работа на Агенцијата за иновации, научно-технолошки развој и претприемништво ИНОВА за 2026 година (јануари – јуни 2026 година), со текст на Полугодишен извештај и Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за одобрување на Полугодишниот извештај за реализација на Годишниот план за работа на Агенцијата за иновации, научно-технолошки развој и претприемништво - ИНОВА за 2026 година (јануари – јуни 2026).

Точка 4

Владата ги разгледа Информацијата за одржување на Годишно собрание на акционери на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, „Електрани на Северна Македонија“, во државна сопственост, Скопје, за 2025 година, со Годишна сметка и Финансиски извештај за работењето на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, „Електрани на Северна Македонија“, во државна сопственост, Скопје, со Извештај од независниот ревизор за 2025 година, Годишен извештај за работата за 2025 година,

Консолидирана годишна сметка и консолидирани финансиски извештаи за 2025 година, со дополнување и со предлог-одлуки и ја усвои со следните заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за одобрување на Годишната сметка и Финансискиот извештај за работењето на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, „Електрани на Северна Македонија“, во државна сопственост, Скопје, со Извештај од независниот ревизор за 2025 година.

2. Ја донесе Одлуката за одобрување на Годишниот извештај за работата на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, „Електрани на Северна Македонија“, во државна сопственост, Скопје, за 2025 година.

3. Ја донесе Одлуката за покривање на загуба искажана по Годишната сметка за 2025 година на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, „Електрани на Северна Македонија“, во државна сопственост, Скопје.

4. Ја донесе Одлуката за одобрување на Консолидираната годишна сметка и консолидираните финансиски извештаи на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, „Електрани на Северна Македонија“, во државна сопственост, Скопје, за 2025 година.

5. Ја донесе Одлуката за одобрување на работењето на член на Надзорен одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, „Електрани на Северна Македонија“, во државна сопственост, Скопје, за 2025 година (м-р Иван Куковски, претседател на Надзорен одбор).

6. Ја донесе Одлуката за одобрување на работењето на член на Надзорен одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, „Електрани на Северна Македонија“, во државна сопственост, Скопје, за 2025 година (м-р Александар Мурговски, независен член и претседател на Надзорен одбор).

7. Ја донесе Одлуката за одобрување на работењето на член на Надзорен одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, „Електрани на Северна Македонија“, во државна сопственост, Скопје, за 2025 година (Александар Маневски, член на Надзорен одбор).

8. Ја донесе Одлуката за одобрување на работењето на член на Надзорен одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, „Електрани на Северна Македонија“, во државна сопственост, Скопје, за 2025 година (Јетмир Идризи, член на Надзорен одбор).

9. Ја донесе Одлуката за одобрување на работењето на член на Надзорен одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, „Електрани на Северна Македонија“, во државна сопственост, Скопје, за 2025 година (м-р Леко Ристовски, член на Надзорен одбор).

10. Ја донесе Одлуката за одобрување на работењето на член на Надзорен одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, „Електрани на Северна Македонија“, во државна сопственост, Скопје, за 2025 година (Стевче Антовски, член на Надзорен одбор).

11. Ја донесе Одлуката за одобрување на работењето на член на Надзорен одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, „Електрани на Северна

Македонија“, во државна сопственост, Скопје, за 2025 година (Ерхан Рамадан, член на Надзорен одбор).

12. Ја донесе Одлуката за одобрување на работењето на член на Надзорен одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, „Електрани на Северна Македонија“, во државна сопственост, Скопје, за 2025 година (д-р Маја Аначкова, независен член на Надзорен одбор).

13. Ја донесе Одлуката за одобрување на работењето на член на Управен одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, „Електрани на Северна Македонија“, во државна сопственост, Скопје, за 2025 година (м-р Лазо Узунчев, претседател на Управен одбор).

14. Ја донесе Одлуката за одобрување на работењето на член на Управен одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, „Електрани на Северна Македонија“, во државна сопственост, Скопје, за 2025 година (Виктор Јовановски, член на Управен одбор).

15. Ја донесе Одлуката за одобрување на работењето на член на Управен одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, „Електрани на Северна Македонија“, во државна сопственост, Скопје, за 2025 година (м-р Владимир Пејоски, член на Управен одбор).

16. Ја донесе Одлуката за одобрување на работењето на член на Управен одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, „Електрани на Северна Македонија“, во државна сопственост, Скопје, за 2025 година (Ѓорѓи Ѓорѓиевски, член на Управен одбор).

17. Ја донесе Одлуката за одобрување на работењето на член на Управен одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, „Електрани на Северна Македонија“, во државна сопственост, Скопје, за 2025 година (м-р Зоран Коњановски, член на Управен одбор).

18. Ја донесе Одлуката за одобрување на работењето на член на Управен одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, „Електрани на Северна Македонија“, во државна сопственост, Скопје, за 2025 година (м-р Иван Стојановски, член на Управен одбор).

19. Ја донесе Одлуката за одобрување на работењето на член на Управен одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, „Електрани на Северна Македонија“, во државна сопственост, Скопје, за 2025 година (Рецеп Асани, член на Управен одбор).

Точка 5

Владата го разгледа и го усвои Полугодишниот извештај за работата на Геолошкиот завод на Република Северна Македонија за 2026 година.

Точка 6

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба заради зголемени ризици и опасности од пожари на отворен простор и шумски пожари на територијата на Република Северна Македонија од 22 септември 2026 година до 28 септември

2026 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

Точка 7

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба заради можност за настанување на пореметување на снабдување со нафта и нафтени деривати на територијата на Република Северна Македонија за период од 20 септември 2026 година до 26 септември 2026 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

Точка 8

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлука за изменување на Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија, за период од 17 септември 2026 година до 23 септември 2026 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

Точка 9

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на Установата за период од 17 септември 2026 година до 23 септември 2026 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

Точка 10

Владата го одложи разгледувањето на Предлог националната стратегија за заштита и користење на културното наследство за периодот 2027-2031, со Акциски план, со заклучок истата повторно да се разгледа во редовна владина постапка.

Точка 11

Владата го одложи од разгледување Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за земјоделство и рурален развој, за наредната седница на Владата, поради потребата од дополнителни усогласувања со Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

Точка 12

Владата ја разгледа Информацијата за добивање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Горан Николов, с.Тимјаник, Неготино, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба.

Точка 13

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Ибраими Аљеин, с.Черкези, Куманово, со Предлог - одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба.

Точка 14

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Јавниот повик за доделување на концесија за експлоатација на техногени минерални суровини и Тендерската документација за доделување на концесија за експлоатација на техногени минерални суровини на локалитетот „Лојане“, Општина Липково, со прилози и со текст на Тендерска документација, ја усвои Информацијата и ја одобри Тендерската документација за доделување на концесија за експлоатација на техногени минерални суровини на локалитетот „Лојане“, Општина Липково.

Точка 15

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од престанок и давање на трајно користење на движна ствар на Јавната установа од областа на здравството за потребите на јавните здравствени установи универзитетски клиники, завод и ургентен центар, Скопје, со Предлог – одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движна ствар на Јавната установа од областа на здравството за потребите на јавните здравствени установи универзитетски клиники, завод и ургентен центар – Скопје.

Точка 16

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од доставување податоци за реализирани, тековни и планирани проекти за реконструкција и подобрување на енергетската ефикасност на објектите кои ги користат институциите од јавниот сектор, со прилози и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат сите органи на државна управа, а им се укажува на институциите кои немаат статус на органи на државната управа и на правните лица основани од државата, во рок од 30 дена, да достават пополнет образец, подготвен од Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини со податоци за реализирани, тековни и планирани проекти за реконструкција и подобрување на енергетската ефикасност на објектите што ги користат на e-mail адреса: energetskaefikasnost@energy.gov.mk.

2. Се препорачува на општините и на правосудните органи, во рок од 30 дена, да достават пополнет образец, подготвен од Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини, со податоци за реализирани, тековни и планирани проекти за реконструкција и подобрување на енергетската ефикасност на објектите што ги користат на e-mail адреса: energetskaefikasnost@energy.gov.mk.

3. Се задолжуваат сите министерства, а им се препорачува на општините, во рок од 30 дена, да достават пополнет образец, подготвен од Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини, со податоци за реализирани, тековни и планирани проекти за реконструкција и подобрување на енергетската ефикасност на објектите што ги користат институциите што се во нивна надлежност на e-mail адреса: energetskaefikasnost@energy.gov.mk.

4. Се задолжува Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини, врз основа на доставените податоци, во рок од 60 дена да изготви консолидиран преглед на проектите за

реконструкција и енергетска ефикасност во јавниот сектор и истиот да го користи за потребите на следење на спроведувањето на мерките од ИНПЕК, чекорите од Реформската агенда и Планот за реконструкција на јавни згради.

Точка 17

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на нов закон за возила и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини, во рок од 15 дена, да формира работна група со цел подготовка на нов предлог на закон за возила составена од претставници на Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини, Министерството за внатрешни работи, Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини - Биро за метрологија, Министерството за транспорт, Министерството за финансии - Царинска управа, Министерството за економија и труд - Државен пазарен инспекторат, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство - Државен инспекторат за земјоделство, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство - Државен инспекторат за шумарство и ловство, Министерството за животна средина и просторно планирање - Државен инспекторат за животна средина, Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини - Државен инспекторат за енергетика, рударство и минерални суровини и Институтот за акредитација на Република Северна Македонија.

2. Се задолжуваат Министерството за внатрешни работи, Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини - Биро за метрологија, Министерството за транспорт, Министерството за финансии - Царинска управа, Министерството за економија и труд - Државен пазарен инспекторат, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство - Државен инспекторат за земјоделство, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство - Државен инспекторат за шумарство и ловство, Министерството за животна средина и просторно планирање - Државен инспекторат за животна средина и Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини - Државен инспекторат за енергетика, рударство и минерални суровини, а се укажува на Институтот за акредитација на Република Северна Македонија, во рок од седум дена, до Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини, да достават номинации на свои претставници за член и заменик - член во работната група, со цел подготовка на нов предлог на закон за возила.

3. Се задолжува Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини, најдоцна до април 2027 година, да подготви и до Владата да достави нов предлог на закон за возила.

Точка 18

Владата ја донесе Програмата за изменување на Програмата за водостопанство за 2026 година.

Точка 19

Владата ја одложи од разгледување Предлог - програмата за мониторинг на површинските и подземните води за 2026 година, поради потребата истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

Истовремено, потребно е во прилог на материјалот да се обезбеди мислење од Министерството за животна средина и просторно планирање.

Предлагачот да ја извести Владата кога материјалот повторно да се стави на Дневен ред на седница на Владата.

Точка 20

Владата ја донесе Програмата за изменување на Програмата за развој на претприемништвото и конкурентноста на микро, малите и средните претпријатија за 2026 година.

Точка 21

Владата на предлог на предлагачот ја одложи од разгледување Предлог-одлуката за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина – мермер на Друштвото за производство, трговија и услуги Бианко Сета Марми ДОО Скопје на локалитетот „Дупен Камен", с.Беловодица, Општина Прилеп, за наредната седница на Владата.

Точка 22

Владата на предлог на предлагачот ја одложи од разгледување Предлог-одлуката за едностран раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – минерална-подземна вода на локалитетот „с.Крушеани", Општина Кривогаштани, за наредната седница на Владата.

Точка 23

Владата го донесе Решението за изменување на Решението за определување членови на Комисијата за утврдување на репрезентативноста.

Точка 24

Владата ја разгледа Предлог - резолуцијата за миграциската политика на Република Северна Македонија 2026-2030 година, со Акциски план, ја утврди и согласно член 204 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија заклучи да ја достави до Собранието на Република Северна Македонија, со предлог да ја разгледа.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Панче Тошковски, министер за внатрешни работи, Ѓоко Велковски, министер за социјална политика, демографија и млади и д-р Астрит Исени, заменик на министерот за внатрешни работи, а за повереник Сашо Петрушевски, државен секретар во Министерството за внатрешни работи.

Точка 25

Владата ја разгледа Информацијата за правосилност на пресудата на Европскиот суд за човекови права во предметите АД Осигурителна полиса Скопје и други против Република Северна Македонија А. бр.62544/19 и 6430/20 и исплата по основ на истата во делот на постигнатите спогодби, со прилози и согласно расправата на седницата заклучи Министерството за правда, во соработка со Министерството за финансии, да достави нови предлог-заклучоци.

Точка 26

Владата ја разгледа Информацијата за правосилност на пресудата на Европскиот суд за човекови права во предметите АД Осигурителна полиса Скопје и други против Република Северна Македонија А. бр.62544/19 и 6430/20 и нејзиното извршување, со прилози и согласно расправата на седницата, заклучи Министерството за правда, во соработка со Министерството за финансии, да достави нови предлог-заклучоци.

Точка 27

Владата ја разгледа Информацијата за правосилност на пресудата на Европскиот суд за човекови права во случајот Пуцко Петрол увоз-извоз ДООЕЛ, против Република Северна Македонија А.бр.6381/20 и извршувањето на соодветната група на пресуди на Европскиот суд за човекови права против државата, со прилози и со Предлог-одлука и согласно расправата на седницата, заклучи Министерството за правда, во соработка со Министерството за финансии, да достави нови предлог-заклучоци.

Точка 28

Владата ја разгледа Информацијата за правосилност на две пресуди на Европскиот суд за човекови права во предметите Геровска-Попчевска против Република Северна Македонија (бр. 2) А. бр. 30989/20 и Скрчески против Република Северна Македонија А. бр.37954/21, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за исплата на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2026 година, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство и Министерството за финансии.

Средствата, во вкупен износ од 4700 евра во денарска противвредност, да бидат исплатени најдоцна до 27 октомври 2026 година.

* * *

Одлуката не е реализирана.

Точка 29

Владата ја разгледа Информацијата за одлуки на Европскиот суд за човекови права и нивната правосилност во предметите против Република Северна Македонија: Јованов (А. бр. 22738/20 и 35558/20), Атанасовски (А. бр. 30078/21), Ивановски и други (А. бр. 13591/25 и уште 26 други апликации) и Таниќ (А. бр. 33847/24), со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за исплата на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2026 година, во износ од вкупно 22.376 евра, кои веднаш треба да бидат исплатени по овие одлуки на Европскиот суд за човекови права.

Точка 30

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување и го утврди со следните заклучоци:

1. Предлагачот да го усогласи текстот на Предлогот на закон со Секретаријатот за законодавство.

2. Пречистениот текст на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување, согласно член 144 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, да се достави до Собранието.

За претставник на Владата на Република Северна Македонија во Собранието е определен Ѓоко Велковски, министер за социјална политика, демографија и млади, а за повереници Јехона Рамадани, државен советник во Министерството за социјална политика, демографија и млади и Даниела Божиновска, раководител на сектор во Министерството за социјална политика, демографија и млади.

Точка 31

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување, го утврди и заклучи да се достави до Собранието, согласно член 144 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Ѓоко Велковски, министер за социјална политика, демографија и млади, а за повереници Јехона Рамадани, државен советник во Министерството за социјална политика, демографија и млади и Даниела Божиновска, раководител на сектор во Министерството за социјална политика, демографија и млади.

Точка 32

Владата ја разгледа Информацијата за спроведување повеќегодишна јавна набавка за рехабилитација на пет објекти за физичко образование во основните и средните училишта, како и услуги за вршење на стручно - технички надзор при рехабилитација на пет објекти за физичко образование во основните и средните училишта, ја усвои Информацијата и врз основа на претходно издадено позитивно мислење од Министерството за финансии, даде согласност за преземање на обврски за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства, средства од Заем бр.FP 1732 (2011) и средства од Грант (WBIF: WB-IG05-MKD-SOC-01 CEB: LD 1732 (2011)) во 2026 и 2027 година, на Министерството за образование и наука за рехабилитација на пет објекти за физичко образование во основните и средните училишта, како и услуги за вршење на стручно - технички надзор при рехабилитација на пет објекти за физичко образование во основните и средните училишта и тоа:

- од сметка 637 (за исплата на ДДВ) – расходи од основен буџет за набавка на градежни работи за рехабилитација на пет објекти за физичко образование во основните и средните училишта со вредност од 3.443.192,00 денари во 2027 година, како и за набавка на услуги за вршење на стручно технички надзор при рехабилитација на пет објекти за физичко образование во основните и средните училишта, со вредност од 564.301,00 денари, со вклучен ДДВ во 2027 година;

- од сметка 786 – расходи од заем за набавка на градежни работи за рехабилитација на пет објекти за физичко образование во основните и средните училишта, со вредност од 19.128.842,00 денари, без вклучен ДДВ во 2027 година и

- од сметка 785 – расходи од грант за набавка на градежни работи за рехабилитација на пет објекти за физичко образование во основните и средните училишта со вредност од 21.824.305,00 денари, без вклучен ДДВ во 2026 година, како и за набавка на услуги за вршење на стручно - технички надзор при рехабилитација на пет објекти за физичко образование во основните и средните училишта, со вредност од 545.607,00 денари, без вклучен ДДВ во 2026 година.

Точка 33

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиската програма „Стоматологија“ од трет циклус на академски студии-докторски студии (180 ЕКТС), на Стоматолошки факултет, при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со Предлог – решение, ја усвои Информацијата и даде Решение за почеток со работа на студиската програма „Стоматологија“ од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС), на Стоматолошки факултет, при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Точка 34

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиската програма „Индустриско инженерство и менаџмент“ од трет циклус на академски студии-докторски студии (180 ЕКТС), на Технички факултет, при Универзитет „Св. Климент Охридски“ - Битола, со Предлог – решение, ја усвои Информација и даде Решение за почеток со работа на студиската програма „Индустриско инженерство и менаџмент“ од трет циклус на академски студии-докторски студии (180 ЕКТС), на Технички факултет, при Универзитет „Св.Климент Охридски“ - Битола.

Точка 35

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиската програма „Фитомедицина“ од трет циклус на академски студии-докторски студии (180 ЕКТС), на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, со Предлог - решение, ја усвои Информацијата и даде Решение за почеток со работа на студиската програма „Фитомедицина“ од трет циклус на академски студии-докторски студии (180 ЕКТС), на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“- Штип.

Точка 36

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиската програма „Агроекономика“ од трет циклус на академски студии-докторски студии (180 ЕКТС), на Факултет за земјоделски науки и храна при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со Предлог - решение, ја усвои Информацијата и даде Решение за почеток со работа на студиската програма „Агроекономика“ од трет циклус на академски студии-докторски студии (180 ЕКТС), на Факултет за земјоделски науки и храна при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Точка 37

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиската програма „Анимална биотехнологија“ од трет циклус на академски студии-докторски студии (180 ЕКТС), на Факултет за земјоделски науки и храна, при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со Предлог – решение, ја усвои Информацијата и даде Решение за почеток со работа на студиската програма „Анимална биотехнологија“ од трет циклус на академски студии-докторски студии (180 ЕКТС), на Факултет за земјоделски науки и храна, при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Точка 38

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиската програма „Квалитет и безбедност на земјоделски производи“ од трет циклус на академски студии-докторски студии (180 ЕКТС), на Факултет за земјоделски науки и храна, при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со Предлог – решение, ја усвои Информацијата и даде Решение за почеток со работа на студиската програма „Квалитет и безбедност на земјоделски производи“ од трет циклус на академски студии-докторски студии (180 ЕКТС), на Факултет за земјоделски науки и храна, при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Точка 39

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиската програма „Ветеринарна медицина“ од трет циклус на академски студии-

докторски студии (180 ЕКТС), на Факултетот за ветеринарна медицина, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со Предлог - решение, ја усвои Информацијата и даде Решение за почеток со работа на студиската програма „Ветеринарна медицина“ од трет циклус на академски студии-докторски студии (180 ЕКТС), на Факултет за ветеринарна медицина, при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Точка 40

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на решение за почеток со работа на студиската програма „Менаџмент на природни ресурси и заштита на животна средина во земјоделство“ од трет циклус на академски студии-докторски студии (180 ЕКТС), на Факултетот за земјоделски науки и храна, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со Предлог – решение, ја усвои Информацијата и даде Решение за почеток со работа на студиската програма „Менаџмент на природни ресурси и заштита на животна средина во земјоделство“ од трет циклус на академски студии-докторски студии (180 ЕКТС), на Факултетот за земјоделски науки и храна, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Точка 41

Владата ја разгледа Информацијата за одобрување на склучување Анекс на Договорот за реконструкција на спортската сала „Расадник“ во Општина Кисела Вода за изведување на работи кои поради непредвидени околности се нужни и договорниот орган не можел да ги предвиди, ја усвои и даде согласност за преземање на обврски во програмите опфатени со развојниот дел од Буџетот, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во 2027 година на Министерството за спорт, при склучување Анекс на Договорот за реконструкција на спортската сала „Расадник“ во Општина Кисела Вода за изведување на работи кои поради непредвидени околности се нужни и договорниот орган не можел да ги предвиди, со динамика на плаќање и тоа:

- 38.695.513,00 денари во 2027 година.

Точка 42

Владата ја разгледа Информацијата за одобрување на склучување Анекс на Договорот за изградба на затворен пливачки базен во Општина Кавадарци за изведување на работи кои поради непредвидени околности се нужни и договорниот орган не можел да ги предвиди, ја усвои и даде согласност за преземање на обврски во програмите опфатени со развојниот дел од Буџетот, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во 2027 година на Министерство за спорт при склучување Анекс на Договорот за изградба на затворен пливачки базен во Општина Кавадарци за изведување на работи кои поради непредвидени околности се нужни и договорниот орган не можел да ги предвиди, со динамика на плаќање и тоа:

- 23.108.288,08 денари во 2027 година.

Точка 43

Владата ја разгледа Информацијата за адаптација на Европската рамка за вештини во областа на сајбер безбедноста (European Cybersecurity Skills Framework – ECSF) во националниот систем за развој на компетенции во областа на сајбер безбедноста и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за економија и труд, во координација со Министерството за дигитална трансформација, Министерството за образование и наука, врз основа на усогласената почетна национална мапа на профили, во рок од 45 дена да подготви први работни верзии на

стандарди на занимања за приоритетниот пакет профили во областа на сајбер безбедноста, а во рок од 180 дена да подготви предлози и да ги спроведе соодветните постапки за нивно донесување.

2. Се задолжува Министерството за образование и наука, во координација со надлежните тела за Националната рамка на квалификации, во рок од 45 дена да започне активности за развој на стандарди на квалификации во областа на сајбер безбедноста, а во рок од 180 дена да подготви предлози и да ги спроведе соодветните постапки за нивно донесување.

3. Се задолжува Министерството за јавна администрација, во рок од 60 дена да подготви предлог и почетни работни верзии на називи и описи на работни места за приоритетниот пакет профили во областа на сајбер безбедноста, а во рок од 120 дена да подготви предлог за дополнување на Каталогот на работни места во јавниот сектор и соодветни модели на акти за систематизација на работните места.

4. Се задолжува Државниот завод за статистика, во координација со Министерството за економија и труд, Министерството за образование и наука, Министерството за јавна администрација и Министерството за дигитална трансформација, во рок од 180 дена да подготви анализа и предлог за дополнување или ревизија на Националната класификација на занимањата со занимања од областа на сајбер безбедноста.

5. Се препорачува на Агенцијата за квалитет на високото образование, Одборот за акредитација на високото образование и Одборот за евалуација на високото образование, во координација со Министерството за образование и наука, во рок од 180 дена да подготват национални насоки за акредитација и евалуација на студиски програми по сајбер безбедност, усогласени со Националната рамка на квалификации, Европската рамка за вештини во областа на сајбер безбедноста (European Cybersecurity Skills Framework – ECSF) и потребите на јавниот и приватниот сектор. При подготовката на насоките, се препорачува да се повикаат претставници од Интеруниверзитетска конференција на Република Северна Македонија.

6. Се задолжуваат Министерството за здравство и Министерството за транспорт, а им се препорачува на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад, Народната банка на Република Северна Македонија, Агенцијата за супервизија на осигурување, Комисијата за хартии од вредност, Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување и Агенцијата за електронски комуникации, во координација со Министерството за дигитална трансформација, секој во рамките на своите надлежности во рок од 120 дена, да подготват почетна секторска анализа за потребата и можностите за користење на сајбер компетенции и квалификации во секторските правила, лиценци, надзорни барања, насоки или професионални критериуми, со предлог-мерки и временска рамка за понатамошно постапување.

7. Се задолжува Министерството за дигитална трансформација, како координатор на процесот, во координација со институциите и телата наведени во претходните заклучоци, да достави прв консолидиран извештај до Владата на Република Северна Македонија во рок од 90 дена.

Точка 44

Владата го разгледа и усвои Годишниот извештај за спроведување на Стратегијата за сајбер безбедност 2025–2028, со Акциски план (2025-2027) за спроведување на Стратегијата за сајбер безбедност 2025-2028, за 2025 година.

Точка 45

Владата ја донесе Програмата за изменување на Програмата за изградба и реконструкција на основни училишта за 2026 година.

Точка 46

Владата ја донесе Програмата за изменување на Програмата за изградба и реконструкција на средни училишта за 2026 година.

Точка 47

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за одбрана (монтажен модуларен објект - амбуланта Бутел).

Точка 48

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Здружението Доброволно противпожарно друштво ДПД „Архангел" - Битола.

Точка 49

Владата го разгледа Статутот на Воената академија „Генерал Михаило Апостолски" - Скопје (I фаза) и притоа го утврди следното мислење:

Во Статутот се вградени сите посочени укажувања и дадени забелешки, со исклучок на дел од забелешката која се однесува на член 76 став (7) од Статутот на Воената академија.

Забелешката се однесува на одредбата од претходно член 76 став (7) на Статутот, а по вградените забелешки сега содржана во член 73 став (7) и се однесува на ситуација кога до истекот на мандатот на актуелниот декан не биде утврден кандидат за декан.

Согласно член 19 став (1) од Законот за Воената академија, на предлог на Наставно-научниот совет, министерот за одбрана избира декан од редот на воените старешини избрани во наставно-научно звање.

Понатаму, Законот за Воената академија во истиот член во ставот (3) содржи одредба дека начинот на избор и разрешување на деканот и продеканите поблиску се уредува со Статутот на Академијата.

Законот за високото образование во член 115 став (4) утврдува дека: ,,Ако во определениот рок предвиден со статут на универзитетот единицата не избере декан, најдоцна во рок од три дена од истекот на мандатот на деканот, ректорот именува времен вршител на должност декан, по претходно добиена согласност од лицето кое го именува за време определено со Статутот на универзитетот."

За Воената академија како високообразовна установа, оваа одредба од член 115 став (4) од Законот за високото образование не може да се примени, бидејќи за разлика од другите високообразовни установи во државата, на Воената академија министерот за одбрана избира декан на предлог од Наставно-научниот совет.

Од овие причини, се смета дека одредбата од членот (по ново) 73 став (7) која е содржана и во актуелниот Статут на Воената академија треба да остане и истата да гласи:

,,Доколку до истекот на мандатот на актуелниот декан не биде утврден кандидат за декан од страна на Наставно-научниот совет, најдоцна следниот ден од истекот на мандатот на деканот, министерот именува вршител на должност декан, по претходно добиена согласност од лицето кое го именува, за време од шест месеци.“.

Со оглед на наведеното, се укажува да се разгледа изнесеното образложение и да се уважат причините, а наведената забелешка да се вгради во текстот на Статутот.

Точка 50

Владата го разгледа Решението на Уставниот суд на Република Северна Македонија, У.бр.92/2025 и У.бр.122/2025 од 15 јули 2026 година, за поведување постапка за оценување на уставноста на член 41-а став 7 во делот „и превозот” од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија” бр.44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 42/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.161/19, 76/20, 229/20, 269/23, 78/25, 132/25 и 250/25) и притоа го утврди следното мислење:

Подносителите на Иницијативата наведуваат дека одредбата од членот 41-а став (7) од Законот за средното образование создава нееднаквост помеѓу учениците во средните училишта, бидејќи на учениците во јавните средни училишта им се гарантира правото на бесплатен превоз доколку се исполнети законските услови, додека учениците запишани во приватните средни училишта се исклучени од ова право, односно оспореното законско решение создава нееднаквост помеѓу учениците во средните училишта спротивно на член 9 од Уставот на Република Северна Македонија.

Имено, согласно член 3 од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр.44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 81/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.229/20, 78/25, 132/25 и 250/25), средното образование е задолжително за секој граѓанин, под еднакви услови утврдени со овој закон и средното образование во јавните средни училишта е бесплатно.

Водејќи се од членот 3 став (2) од Законот за средното образование, дека средното образование во јавните средни училишта е бесплатно, законодавецот во член 41-а од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр.44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02 ,40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 81/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.229/20, 78/25, 132/25 и 250/25), кој е оспорен од страна на подносителот на Иницијативата, ги уредил условите кои треба да ги исполнат редовните ученици во јавните средни училишта за да се стекнат со правото на бесплатен превоз до училиштето, односно за ученикот кој е со статус на редовен ученик во средно училиште се организира бесплатен превоз до училиштето, ако ученикот не се смести во ученички дом. Ученикот од ставот (1) на овој член има право на бесплатен превоз ако местото на живеење е оддалечено најмалку 2,5 километри од средното училиште во кое ученикот е запишан и ја посетува наставата и ако избраниот сектор и квалификација не се застапени во општината во која ученикот живее. По исклучок, ако во општината во која живее ученикот при запишувањето во прва година на образование се пополнети сите места во училиштето, односно училиштата во општината, ученикот има право на бесплатен превоз до средно училиште во друга општина во кое е ученикот запишан, ако местото на живеење е оддалечено најмалку 2,5 километри и ако ученикот ја посетува наставата. За ученикот кој користи сместување и исхрана

во ученички дом не се организира бесплатен превоз до дома за време на викендите, освен за учениците со попреченост. Ученикот со попреченост и лицето за негова придружба имаат право на бесплатен разумно прилагоден превоз без оглед на оддалеченоста на нивното место на живеење до јавното средно училиште во кое ученикот е запишан и ја посетува наставата.

Учениците од ставот (1) на овој член, за остварување на правото за бесплатен превоз поднесуваат барање во средното училиште во кое се запишани, а средствата ги обезбедува основачот на средното училиште. Сместувањето и превозот за учениците од приватните средни училишта, ги обезбедува основачот.

Законот за средното образование, го уредува и основањето и работењето на приватните средни училишта, кои не се бесплатни за учениците, односно тие за своето школување согласно членот 11-а од Законот за средното образование, уплаќаат финансиски средства, односно надоместок за школување на приватното средно училиште.

Согласно член 44 став 3 од Уставот на Република Северна Македонија, основното образование е задолжително и бесплатно, а согласно членот 45 граѓаните имаат право, под услови утврдени со закон, да основаат приватни образовни установи во сите степени на образованието, освен во основното образование.

Согласно член 22 став (1) алинеја 8 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), општините се надлежни за вршење на работите од областа на образованието - основање, финансирање и администрирање на основни и средни училишта, во соработка со централната власт, во согласност со закон, организирање на превоз и исхрана на ученици и нивно сместување во ученички домови.

Министерството за образование и наука врши распределба на средства преку блок - дотации по општини и Град Скопје, а во блок - дотацијата се опфатени средствата за плати и надоместоци на плати и материјални трошоци во кои влегуваат средствата за струја, затоплување, превоз и др.

Планирањето на трошоците по буџетски ставки (плати и надоместоци на плати на вработените во училиштата и трошоци од буџетската категорија стоки и услуги) е во надлежност на општината, односно Град Скопје и училиштата. Советот на општината и на Градот Скопје утврдуваат критериуми за распределба на дотациите за средните училишта на подрачјето на општината и Градот Скопје.

Законодавецот, ценејќи дека јавното средно образование е задолжително и бесплатно, предвидел законска одредба со која учениците кои посетуваат настава во јавните средни училишта имаат право на бесплатен превоз до училиштето, доколку ученикот не се смести во ученички дом или ако местото на живеење е оддалечено најмалку 2,5 километри од средното училиште во кое ученикот е запишан и ја посетува наставата и ако избраниот сектор и квалификација не се застапени во општината во која ученикот живее, односно трошоците кои ги имаат овие ученици за превоз се покриваат од Буџетот на Република Северна Македонија, на начин и постапка утврдени со Законот за буџетите и Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, преку блок - дотациите на општините и Градот Скопје на чија територија е сместено јавното средно училиште.

Бесплатниот превоз за ученици од јавните средни училишта претставува една од повеќето афирмативни мерки кои се применуваат во јавното средно образование, чија цел е да се запишат повеќе ученици кои своето образование ќе го продолжат во јавните средни училишта, од причина што континуирано се намалува бројот на ученици во јавните средни училишта на државно ниво.

Согласно постоечкото законско решение, законодавецот им дава можност на учениците и родителите по сопствена волја и желба да изберат и одлучат дали средното образование ќе го продолжат во јавно (општинско, на Град Скопје, односно државно) или во приватно средно училиште.

Притоа, учениците кои по сопствена волја одлучуваат средното образование да го реализираат во приватно средно училиште, за остварување на нивните права и обврски, нивните родители склучуваат договор со основачот на приватното средно училиште.

Согласно наведеното, се смета дека оспорената одредба од Законот за средното образование ниту ги издвојува, ниту ги привилегира учениците од јавните средни училишта во однос на учениците кои се запишани во приватните средни училишта, од причина што во оспорениот став (7) е прецизирано дека учениците кои се запишани во приватните средни училишта, исто како и учениците од јавните средни училишта, имаат право на сместување и превоз кои ќе бидат обезбедени од страна на основачот на приватното средно училиште, исто како што и правото на превоз и сместување на учениците во јавните средни училишта ги обезбедува основачот на тоа училиште.

Во однос на наводите во предметната иницијатива дека Градот Скопје во рамки на Програмата за активности од областа на средното образование за 2026 година, донесена од Советот на Град Скопје, на седницата, одржана на 25 декември 2025 година и објавена во „Службен весник на Град Скопје“ бр.14/2025, предвидува дека ќе обезбеди бесплатен превоз за сите ученици од средните училишта на Град Скопје во текот на 2026 година, вклучително и за време на зимскиот и летниот распуст, се укажува дека Министерството за образование и наука преку блок - дотацијата која е наменета за училиштата чиј основач е Град Скопје, определува финансиски средства за превоз на учениците само за време на наставната година која ја сочинуваат две полугодија - I и II полугодие, односно за првото полугодие кое започнува на 1 септември и завршува на 30 декември, а за второто полугодие кое започнува по завршување на зимскиот распуст и завршува на 10 јуни.

Согласно горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да донесе одлука дека со членот 41-а став (7) од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02,40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 81/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 229/20, 78/25, 132/25 и 250/25), не се повредуваат темелните вредности на уставниот поредок на Република Северна Македонија и дека оспорената законска одредба не предизвикува нееднаквост помеѓу учениците од јавните и приватните средни училишта.

Точка 51

Владата ја разгледа Понудата од нотар Татјана Трајковска од Куманово, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.904, за КО Пчиња-вон град, на КП бр.63, викано место/улица „Краста“ и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Точка 52

Владата ја разгледа Понудата од нотар Емилија Георгиевска Аџиска од Берово, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.3636, за КО Владимирово, на КП бр.4157, викано

место/улица „Подиње“ и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт.

Точка 53

Владата ја разгледа Понудата од нотар Ѓорѓи Николов од Гевгелија, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.7245, за КО Сретеново, на КП бр.1714, викано место/улица „Мрдаја“ и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт.

Точка 54

Владата ја разгледа Понудата од нотар Станка Горичан од Охрид, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.100678, на КП бр.4136, Имотен лист бр.100679, на КП бр.4137, Имотен лист бр.100680, на КП бр.4138, Имотен лист бр.100681, на КП бр.4139, Имотен лист бр.115630, на КП бр.4133/2, КП бр.4134 и КП бр.4135/2 и Имотен лист бр.114437, на КП бр.4135/1, за КО Охрид 4, викано место/улица „Патерица“ и по Понудата ги усвои негативните мислења на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје, како и Известувањето на Министерството за транспорт.

Точка 55

Владата ја разгледа Понудата од нотар Цеца Малева Стоев од Гевгелија за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.984, за КО Коњско, на КП бр.258/1, викано место/улица „Горно Поле“ и не ја прифати Понудата, имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Министерството за транспорт.

Точка 56

Владата ја разгледа Понудата од нотар Луиза Каба Исаку од Струга, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.3437, за КО Мислешево - вонград, на КП бр.2251, викано место/улица „Матарник“ и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Точка 57

Владата ја разгледа Понудата од нотар Снежана Видовска од Скопје, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.723, за КО Бардовци, на КП бр.620, викано место/улица „Визбеговска Јурија“ и по Понудата го усвои негативното Мислење на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, како и Известувањето на Министерството за транспорт.

Точка 58

Владата ја разгледа Понудата од нотар Сихана Зибери Шабани од Скопје, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.4280, за КО Илинден на КП бр.932 викано место/улица „Село“ и Имотен лист бр.11422, за КО Илинден, на КП бр.932 викано место/улица „Село“ и не ја прифати Понудата, имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје.

Точка 59

Владата ги разгледа Конечните извештаи за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2024 година на Државен студентски дом Томе Стефановски – Сениќ, Скопје [Сметка на основен буџет (603) и Сметка на буџет од самофинансирачки активности (787)], како материјал за информирање.

Истовремено, се задолжува Државниот студентски дом Томе Стефановски – Сениќ, Скопје, да подготви акциски план со точно утврдени активности, одговорни лица и рокови за имплементација на препораките од Државниот завод за ревизија и во рок од 30 дена да го достави до Владата и до Државниот завод за ревизија.

Точка 60

Владата го разгледа Извештајот за финансиското работење на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје, за период од 1 април 2026 година до 30 јуни 2026 година, како материјал за информирање.

Точка 61

Владата го разгледа Тримесечниот финансиски извештај на Акционерското друштво Аеродроми на Република Северна Македонија, за втор квартал 2026 година, со дополнување, како материјал за информирање.

Точка 62

Владата ја разгледа Информацијата за степенот на реализација на средствата за капитални дотации за инфраструктурни проекти од областа на образованието и науката за 2025 година, заклучно со 30 јуни 2026 година, како материјал за информирање.

Точка 63

Владата ја разгледа Информацијата за финансиско поддржување на воведување сензорни соби во детските градинки во текот на 2027 година, со цел унапредување на инклузивното предучилишно образование, како материјал за информирање.

Точка 64

Владата го разгледа Годишниот извештај за преземените активности и постигнатиот напредок во воспоставувањето еднакви можности на жените и мажите во Република Северна Македонија во 2025 година, како материјал за информирање.

Истовремено, се задолжува Министерството за социјална политика, демографија и млади во рок од две недели, до Владата да достави листа на единици на локалната самоуправа и органи на државната управа, кои не доставиле податоци/извештај до Министерството за социјална политика, демографија и млади, согласно Законот за еднакви можности на жените и мажите.

Точка 65

Владата го разгледа Конечниот извештај за извршена ревизија на информациски системи како ревизија на успешност на тема Имплементација на безбедносни мерки и контроли во ИТ

системот на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, како материјал за информирање.

Истовремено, се задолжува Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија да подготви акциски план со точно утврдени активности, одговорни лица и рокови за имплементација на препораките од Државниот завод за ревизија и во рок од 30 дена да го достави до Владата и до Државниот завод за ревизија.

Точка 66

1. Владата го разреши Ивица Ангеловски, од должноста вршител на должноста директор на Државниот инспекторат за земјоделство, орган во состав на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

2. Владата го именува Ивица Ангеловски, за директор на Државниот инспекторат за земјоделство, орган во состав на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, по објавен јавен оглас и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

3. Владата го именува Емин Куртиши, за член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈЗУ Специјализирана болница за превенција, лекување и рехабилитација на кардиоваскуларни заболувања - Охрид.

4. Владата го разреши Зоран Цветковски, од должноста член на Органот за надзор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа-Куманово, на негово барање.

5. Владата од должноста членови на Управниот одбор на Агенцијата за филм на Република Северна Македонија, поради истек на мандатот ги разреши:

- Борис Дамовски,
- Шкљќим Исљами и
- Менсур Аљити.

5.1 Владата за член на Управниот одбор на Агенцијата за филм на Република Северна Македонија ја именува Марина Лазаревска од Асоцијација на филмски професионалци и ТВ соработници АФП на Македонија, Скопје, на предлог на Асоцијацијата на филмски здруженија од Република Северна Македонија или Стопанската комора која ги застапува филмските продуценти.

6. Владата го именува Адхурим Фазљиу, за член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈЗУ Универзитетска клиника за респираторни заболувања кај децата Козле - Скопје.

7. Владата го именува проф. д-р Африм Алили, редовен професор на Економскиот факултет при Универзитетот во Тетово, за член на Одборот за евалуација на високото образование.

8. Владата од должноста заменици-членови на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество, од редот на вработените во органите на државната управа, ги разреши:

од Министерството за односи меѓу заедниците:
- Егзона Локи,

од Министерството за култура и туризам:
- Ирина Димовска.

8.1 Владата за заменици-членови на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество, од редот на вработените во органите на државната управа, ги назначи:

од Министерството за односи меѓу заедниците:
- Санела Хаџибулиќ,

од Министерството за култура и туризам:
- Диме Маџовски.

Точка 67

1. Владата заклучи да го повлече од собраниска постапка Предлогот на закон за изменување на Законот за домување, по скратена постапка, доставен до Собранието на Република Северна Македонија, со писмо бр.57-6671/8 од 4 септември 2026 година.

2. Владата по повод одбележувањето на Државниот празник 11 Октомври - Ден на народното востание, ги донесе следните заклучоци:

1) Се определува Владина делегација, во состав:
- Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт;
- Марјан Ристески, заменик на министерот за економија и труд и
- м-р Ане Лашковска, заменик на министерот за животна средина и просторно планирање,
да положи свежо цвеќе на следните локации во Прилеп - споменикот на Методија Андонов - Ченто, споменик на Кузман Јосифовски-Питу, споменик Жена борец и Могила на непобедените, со почеток од 9 часот.

2) Се определува Владина делегација, во состав:
- Панче Тошковски, министер за внатрешни работи;
- д-р Викторија Трајков, заменик на министерот за европски прашања;
- Адмир Шабани, заменик на министерот за одбрана,
да положи свежо цвеќе на локација „Партизански гробишта“ во Бутел - Скопје, со почеток од 10 часот.

3) Се определува Владина делегација, во состав:
- м-р Владо Мисајловски, министер за одбрана;
- м-р Стефан Андоновски, министер за дигитална трансформација и
- Ѓоко Велковски, министер за социјална политика, демографија и млади,
да положи свежо цвеќе на локација Спомен - Костурница во Куманово, со почеток од 11 часот.

4) Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија да обезбеди венци за делегациите за сите настани во сите градови, како и превоз на делегациите и културно - уметничките работници до местото каде ќе се одбележува настанот.

5) Се задолжува Министерството за одбрана – Генералштаб на Армијата на Република Северна Македонија да обезбеди гардисти и фанфаристи и во координација со Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија да се договорат за обезбедување материјално - технички средства потребни за церемонијата на положување свежо цвеќе.

6) Се задолжува Министерството за одбрана да го организира одбележувањето на Државниот празник 11 Октомври - Ден на народното востание во Скопје, положување на свежо цвеќе на локација „Партизански гробишта“ во Бутел – Скопје.

7) Се задолжува Министерството за одбрана – Генералштаб на Армијата на Република Северна Македонија да обезбеди присуство на воениот оркестар на Свечената академија, по повод одбележувањето на Државниот празник 11 Октомври - Ден на народното востание.

8) Се задолжува Министерство за здравство, преку единиците на Итната помош да обезбеди присуство на амбулантни возила и медицински лица во Скопје и Куманово.

9) Се укажува на Јавното радиодифузно претпријатие Македонска радио-телевизија - Скопје, на 11 октомври 2026 година, да врши директен пренос од одбележувањето на Државниот празник 11 Октомври - Ден на народното востание, од трите локации, Прилеп, Скопје и Куманово, според саатници и сценариото кое ќе им биде доставено од соодветните кабинети.

10) Се препорачува на Општина Куманово да обезбеди присуство на возило за противпожарна заштита на локацијата на која ќе се чествува Државниот празник 11 Октомври - Ден на народното востание.

11) Се задолжува Министерството за внатрешни работи да ги преземе сите мерки и активности потребни за мирно и безбедно одбележување на прославата, на сите локации на кои ќе се чествува празникот.

12) Се задолжува Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија – Сектор за протокол и односи со јавност, да испрати покана според протоколарна пресеанс листа во електронска и печатена форма до гостите и врз основа на потврдените покани да изготви скица за настанот во Куманово и распоред за седење.

13) Се задолжува Министерството за култура и туризам да обезбеди присуство на водители на Свечената академија по повод одбележувањето на Државниот празник 11 Октомври - Ден на народното востание, да обезбеди дополнување на музички инструменти за воениот оркестар и финансиски да ги покрие трошоците за водителите на настанот.

14) Се задолжува Министерството за надворешни работи и надворешна трговија - Директоратот за протокол, протоколарно да го организира присуството на дипломатскиот кор на положувањето на свежо цвеќе, на локациите на кои ќе се положи, како и на свечената академија во Куманово.

15) Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, да ги покрие трошоците за одбележувањето на Државниот празник 11 Октомври - Ден на народното востание.

16) Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, да набави техничка опрема, стази, знамиња, озвучување на бина, брендирање на бина, говорница, по повод одбележувањето на Државниот празник 11 Октомври - Ден на народното востание, за што ќе добијат технички спецификации од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

17) Се препорачува на Општина Куманово да ги преземе сите потребни активности за поправка на светлата, јарболите и чистење на локацијата на Спомен - костурницата во Куманово и локацијата каде ќе се одржува Свечената академија, по повод одбележувањето на Државниот празник 11 Октомври - Ден на народното востание.

18) Се препорачува на ЕВН Македонија АД Скопје да ги преземе сите потребни мерки за непречено снабдување со електрична енергија, по повод одбележувањето на Државниот празник 11 Октомври - Ден на народното востание на трите локации во Прилеп, Скопје и Куманово.

19) Се задолжуваат Министерството за внатрешни работи, Министерството за одбрана, Министерството за култура и туризам и Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, да ги покријат трошоците за активностите, секоја институција во својот дел, поврзани со одбележувањето на Државниот празник 11 Октомври - Ден на народното востание.

3. Претседателот на Владата на Република Северна Македонија од редот на избраните министри, го определи Зулфиќар Зејнула, за министер без ресор, задолжен за меѓународни партнерства и странски инвестиции.

4. Владата по повод настанатиот дефект во зградата на Нова Македонија, заклучи министерствата и другите институции, сместени во зградата, заради остварување на законските надлежности да го организираат работниот процес преку работа од дома или на друг начин, согласно потребите на работодавачот, до 13 октомври 2026 година (вторник), односно до добивање на известување од Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија за отстранување на дефектот.

5. Владата го задолжи Министерството за правда до Владата да достави Предлог за изменување и дополнување на Законот за извршување, во насока на дефинирање на методологија за определување на лимитот на средствата кои се неопходни за вршење на дејноста и задачите на државните органи, единиците на локалната самоуправа и јавните претпријатија и сервисирање на обврски по основ на правосилни и извршни судски пресуди и одлуки, а со цел непреченото функционирање на јавните функции и услуги, додека истовремено се овозможува ефикасно спроведување на извршувањето и наплата на побарувањата.

Точка 68

Владата ја разгледа Информацијата согласно Извадокот од Нацрт-записникот од Двесте и единаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 15 септември 2026 година, во врска со Информацијата за реализација на предусловите и ризикот од неспроведување на ИПА - проектот „Приклучување на Виница со ПСОВ Кочани со делумна рехабилитација и проширување на канализационите и атмосферските системи во Општина Виница“, ја усвои Информацијата и им препорача на општините Кочани, Виница и Чешиново – Облешево (најдоцна до петок, 9 октомври 2026 година), до Министерството за транспорт да поднесат барања за добивање на одобрение за градење.

Точка 69

Владата ја разгледа Информацијата за добивање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Никола Весков, с. Криволак, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба.

Точка 70

Владата ја разгледа Информацијата за продолжување на рокот на Работната група за регулирање на имотно-правен статус на 110kV трафостаници помеѓу Операторот на

електропреносниот систем на Република Северна Македонија, Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост, Скопје (МЕПСО) и Акционерското друштво за услуги ЕВН Македонија, Скопје, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за изменување на Решението за формирање на Работна група за регулирање на имотно - правен статус на 110kV трафостаници помеѓу Операторот на електропреносниот систем на Република Северна Македонија, Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост, Скопје (МЕПСО) и Акционерското друштво за услуги ЕВН Македонија, Скопје.

Точка 71

Владата ја донесе Одлуката за доделување концесија за експлоатација за потребите за изградба на хидротехнички објект – брана Отиња на минерална суровина – песок и чакал на локалитетот ,,Акумулационен простор на насипната брана Отиња“, Општина Штип.

Точка 72

Владата ја разгледа Информацијата за доставување на апликација за обезбедување заем од Банката за развој при Советот на Европа (СЕВ) за финансирање на проектот „Основна дигитална инфраструктура на Република Северна Македонија“ и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за финансии, во соработка со Министерството за дигитална трансформација, веднаш да ја достави апликацијата за обезбедување на заем во износ од 21,71 милиони евра од Банката за развој при Советот на Европа за финансирање на проектот „Основна дигитална инфраструктура на Република Северна Македонија“ и буџетско учество од 3.3 милиони евра (без вклучен ДДВ), до Министерството за надворешни работи и надворешна трговија.

2. Се задолжува Министерството за надворешни работи и надворешна трговија, да ја проследи апликацијата за заем до генералниот секретар на Советот на Европа, по дипломатски пат, преку Постојаната мисија при Советот на Европа, најдоцна до 23 октомври 2026 година.

3. Се задолжува Министерството за дигитална трансформација, потребните средства за реализација на проектот, вклучително и дополнителни средства во проценет износ од 1,84 милиони евра за покривање на ДДВ, да ги обезбеди во рамките на максималните износи на расходи на Министерството за дигитална трансформација, за соодветните фискални години.

Точка 73

Владата ја разгледа Информацијата за доставување на апликација за обезбедување заем од Банката за развој на Советот на Европа – ЦЕБ за финансирање на развојот на инфраструктурата на високото образование на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за финансии, во соработка со Министерството за образование и наука, веднаш да ја достави апликацијата за обезбедување заем од Банката за развој на Советот на Европа – ЦЕБ за финансирање на развојот на инфраструктурата на високото образование на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, во износ од 47.000.000 евра и буџетско учество во вкупен износ од 21.500.000 евра со вклучен ДДВ, до Министерството за надворешни работи и надворешна трговија.

2. Се задолжува Министерството за надворешни работи и надворешна трговија да ја проследи апликацијата за заем до генералниот секретар на Советот на Европа по дипломатски пат, преку Постојаната мисија при Советот на Европа, најдоцна до 23 октомври 2026 година.

Точка 74

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од итно доделување на финансиски средства за развој и имплементација на мобилната апликација „Каде си/Where Are You“ како дел од Системот за прием на итни повици Е-112 и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за финансии, во Буџетот на Центарот за управување со кризи да обезбеди средства во вкупен износ од 12.600.000,00 денари за развој и имплементација на мобилната апликација „Каде си/Where Are You“, како дел од Системот за прием на итни повици Е-112, при што набавката ќе се реализира во две фискални години:

- 2.100.000,00 денари во Буџетот на Центарот за управување со кризи за 2026 година со одобрување на барање за пренамена на средства од Категорија 40-Плати и надоместоци на Категорија 48-Капитални расходи, Ставка 485-Вложувања и нефинансиски средства за да се овозможи отпочнување на постапката за набавка и

- 10.500.000,00 денари во Буџетот на Центарот за управување со кризи за 2027 година со побарани и одобрени средства со буџетскиот циркулар за 2027 година на Категорија 48-Капитални расходи, Ставка 485-Вложувања и нефинансиски средства за целосно реализирање на набавката (рок 1 месец за спроведување на активноста).

2. Се задолжува Центарот за управување со кризи да го спроведе проектот „Развој и имплементација на мобилната апликација „Каде си/Where Are You“ како дел од Системот за прием на итни повици Е-112“ во координација со Министерството за внатрешни работи, Министерството за здравство, единиците на локалната самоуправа во чиј состав се територијалните противпожарни единици (ТППЕ) и територијалната противпожарна бригада (БППЗ), Министерството за дигитална трансформација, Агенцијата за електронски комуникации, Агенцијата за заштита на личните податоци, Дирекцијата за заштита и спасување и Црвениот крст на Република Северна Македонија.

3. Се задолжува Центарот за управување со кризи, во рок од 10 месеци да обезбеди серверска инфраструктура и софтверска надградба на системот Е-112 со API за прием на локација, како и да изработи нови стандардни оперативни процедури (СОП).

4. Се задолжува Министерството за дигитална трансформација, во рок од 8 месеци, да обезбеди експертска ревизија и одобрување на техничката спецификација за јавната набавка.

5. Се укажува на Агенцијата за електронски комуникации да обезбеди координација со мобилните оператори за обезбедување услови за функционирање на апликацијата и да донесе регулаторни акти за приоритет на сообраќајот (QoS) од апликацијата во кризни состојби, во рок од 3 месеци од денот на усвојувањето на оваа информација.

6. Се укажува на Агенцијата за заштита на личните податоци, во рок од 3 месеци да обезбеди консултации за имплементација на Privacy by Design (криптирање и автоматско бришење на локациските податоци) и да спроведе задолжителна Проценка на влијанието врз заштитата на личните податоци (DPIA).

7. Се задолжува Министерството за внатрешни работи, во рок од девет месеци да обезбеди интеграција на оперативниот центар со Е-112 преку заштитена VPN врска за директен прием на мапи и да спроведе обука на полициските службеници за работа со апликацијата.

8. Се задолжува Министерството за здравство, во рок од девет месеци да обезбеди опремување на амбулантните возила со таблети/уреди за навигација компатибилни со Е-112 и да изработи протокол за медицинска тријажа врз основа на здравствените податоци внесени во апликацијата.

9. Се препорачува на единиците на локалната самоуправа во чиј состав се територијалните противпожарни единици (ТППЕ) и територијалната противпожарна бригада (БППЗ), во рок од девет месеци да извршат интеграција на софтверот во диспечерските центри за преклопување на локацијата со ГИС мапи на хидранти и да спроведат обука на дежурните пожарникари за прием на дигитални повици (особено клучни за шумски пожари), како и за користење на податоците за локација кои ги обезбедува апликацијата.

10. Се задолжува Дирекцијата за заштита и спасување, во рок од девет месеци да направи подготовка на специјализираните тимови за цивилна заштита, на тимовите за брз одговор и воздухопловните сили на Дирекцијата за заштита и спасување за користење на податоци базирани на GPS лоцирање кои ги обезбедува апликацијата.

11. Се препорачува на Црвениот крст на Република Северна Македонија, во рок од осум месеци да изврши интеграција на нивните специјализирани теренски ГИС мапи за планински патеки во апликацијата и да изработи протоколи и процедури за тимовите за одговор при катастрофи, за планинско спасување, за спасување на вода и за прва помош за користење на податоците за локација кои ги обезбедува апликацијата.

Точка 75

Владата ја донесе Одлуката за отворање Почесен конзулат на Република Северна Македонија во Република Аргентина, со седиште во Буенос Аирес.

Точка 76

Владата го донесе Решението за именување почесен конзул на Република Северна Македонија во Република Аргентина, со седиште во Буенос Аирес.

Точка 77

Владата ја разгледа Информацијата за подготовка на Дваесет и вториот состанок на Поткомитетот за трговија, индустрија, царина и оданочување меѓу Република Северна Македонија и Европската Унија во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација кој ќе се одржи на 30 октомври 2026 година, со прилози и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се назначува Јумни Адеми, државен секретар во Министерството за економија и труд, за копретседавач на Поткомитетот за трговија, индустрија, царина и оданочување.

2. Се задолжуваат Министерството за финансии, Министерството за економија и труд, Државниот пазарен инспекторат и Бирото за метрологија, најдоцна до 9 октомври до Министерството за европски прашања да достават номинации за лица кои ќе земат учество на состанокот, за точка 7 – Слободно движење на стоки.

3. Се задолжува Министерството за европски прашања, добиените пишани материјали согласно точките на дневниот ред на состанокот на Поткомитетот, да ги интегрира и да ги достави до службите на Европската комисија на англиски јазик, најдоцна до 16 октомври 2026 година.

Точка 78

Владата ја разгледа Информацијата за подготовката на Дваесет и третиот состанок на Поткомитетот за економско-финансиски прашања и статистика, во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација помеѓу Европската Унија и Република Северна Македонија, кој ќе се одржи на 21 октомври 2026 година, со прилози и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се назначува Весна Цветанова од Министерството за финансии за претседавач на Поткомитетот за економски и финансиски прашања и статистика.

2. Се задолжува Министерството за европски прашања, добиените пишани материјали согласно точките на Дневниот ред на состанокот на Поткомитетот, да ги достави до службите на Европската комисија до 7 октомври 2026 година.

Точка 79

Владата ја разгледа Информацијата за доизградба на затворениот пливачки базен во Општина Охрид и ја усвои со следните заклучоци (усогласени со Министерство за финансии):

1. Даде согласност за преземање на обврски во програмите опфатени со развојниот дел од буџетот, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредните 2026, 2027 и 2028 година на Министерство за спорт, за доизградба на затворениот пливачки базен во Општина Охрид, во вкупна вредност од 470.000.000,00 денари со ДДВ, со динамика на плаќање и тоа:

- 2.000.000,00 денари во 2026 година;
- 100.000.000,00 денари во 2027 година;
- 100.000.000,00 денари во 2028 година и
- 268.000.000,00 денари во 2029 година.

2. Се задолжува Министерство за спорт да ги прикаже потребните буџетски средства во буџетскиот циркулар за соодветните фискални години, а Министерство за финансии да ги има предвид при утврдување на Буџетот на Република Северна Македонија за соодветните фискални години.

Точка 80

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за претстојната посета на Извршната дирекција на Комитетот за борба против тероризам на Обединети нации, за наредната седница на Владата, поради потребата од дополнителни усогласувања на истата.

Точка 81

Владата ја разгледа Информацијата во врска со потребата од назначување на координатор за Националната стратегија за борба против организираниот криминал, ја усвои и го назначи Павле Трајанов за координатор за Националната стратегија за борба против организираниот криминал.

*

* *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 13:50 часот.